Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел од дневни настани 18.04.2022

На 18.04.2022 околу 01.10 часот на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 20-годишниот тетовец М.М., затоа што при негов и преглед на патничко возило „сеат ибица", со гостиварски регистарски ознаки, што тој го управувал, а во кое се превезувале уште три лица, била пронајдена марихуана. М.М. претходно не застанал на даден знак од полициските службеници, се обидел да избега, но брзо бил фатен. По целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 17.04.2022 околу 23.00 часот на влезот во тетовското село Сараќино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.Ц.(22) и Д.Т.(30), двајцата од с.Сараќино. При нивен и преглед на возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, била пронајден марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово за натамошна постапка, а им било одземено и возилото, кое не било регистрирано повеќе од шест месеци. По документирање на случајот ќе им бидат изготвени поднесоци.

На 17.04.2022 во 17.10 часот на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, полициски службеници од Полициска станица Аеродром ги лишиле од слобода Н.М.(22) и Ј.О.(18), двајцата од Република Турција, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.04.2022 во 20.00 часот на Граничен премин „Богородица", полициски службеници го лишиле од слобода В.С. (40) од Скопје, затоа што при проверка било констатирано дека се наоѓа во службената евиденција со мерка „апси", по телеграма од од СВР Скопје. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициска станица Кисела вода за понатамошна постапка.

На 18.04.2022 околу 00.50 часот во Полициската станица Велес, Д.Т.(59) од Прилеп пријавил дека со патничко возило „фолксваген голф", со прилепски регистарски ознаки, се изгубил во атарот на с.Нежилово, општина Чашка. Полициски службеници од Полициското одделение Чашка веднаш излегле на терен и извршиле негово пребарување и во 02.45 часот го пронашле лицето во добра здравствена состојба. Тој бил однесен во Полициското одделение Чашка, по што бил предаден на семејството.

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на СВР Куманово изречени се вкупно 96 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 72 санкции и 24 санкции за возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол.

На 17.04.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 8 надвор од населено место и 8 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 3 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

Вчера и ноќеска (17 и 18 април) на поширокото тетовско подрачје вкупно откриени и санкционирани се 13 лица (ТЕ-4 и ГВ-9) кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа. Сите се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци по член 225 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а ќе треба да платат парична глоба од 250 евра во денарска противвредност. Толку изнесува паричната глоба и за сопствениците на возилата кои им ги дале на управување, иако знаеле дека немаат адекватна дозвола.

На 17.04.2022 во 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Батанџиев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат", управувано од Д.Т.(30) од Скопје и патничко возило „фолксваген голф", управувано од И.Б.(37) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото „фолксваген голф", Г.Б.(35) од Скопје, а со телесни повреди се здобил И.Б., констатирани во Градска општа болница „8 Септември". Две малолетни лица, сопатници на И.Б., се здобиле со телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против А.Ц.(39) и Ќ.Ц.(46), двајцата од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама" и „злоупотреба на лични податоци". Пријавените сопружници, во периодот од 2010 до 2022 година, свесно и со умисла, во неколку наврати довеле во заблуда повозрасна жителка од Дебар која, од една банка и 2 финансиски друштва, подигнала кредити и како заем им ги дала на пријавените кои и ветиле дека парите ќе и ги враќале на рати. Пријавените, исто така, ги злоупотребиле личните податоци од личната карта на оштетената и од нејзината е-маил адреса до едно финансиско друштво поднеле онлајн апликација за добивање брз кредит, по што парите ги подигнале од нејзината трансакциска сметка. Со тоа, пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 777.000 денари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.И.(26) од кичевското село Србица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен на ул.„Јордан Пиперка" во Кичево, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа марихуана.

На 17.04.2022, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода М.М.(46) од Прилеп, З.Ј.(38) од Прилеп и Е.Д.(29) од с.Десово, прилепско, затоа што претходно во кругот на Општа болница Прилеп физички ги нападнале С.Ц.(51), болничар во болницата и Р.П.(48), обезбедување во болницата. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена содветна пријава.

На 16.04.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во с. Долно Свиларе, скопско, настанал пожар во гаража сопственост на К.М.(37) од с. Долно Свиларе од кој била зафатена и соседната гаража сопственост на К.М.(62) од с.Долно Свиларе. Пожарот бил изгаснат од противпожарната единица Скопје и нема повредени лица. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 17.04.2022 во 17.15 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во аптека на ул.„Борис Трајковски" едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2022 околу 16.00 часот, на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Ш.Ф.(30) од гостиварско Чегране. Тој се сомничи дека во текот на минатата и оваа година извршил десетина кражби и тешки кражби во Гостивар. Кај него се пронајдени и одземени повеќе предмети кои потекнувале од овие кражби, кои ќе бидат вратени на сопствениците. Ш.Ф. е приведен и задржан во Полициската станица Гостивар, а по комплетно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.04.2022 околу 20:37 часот во СВР Битола било пријавено дека во близина на село Карамани, битолско, бил пронајден починат С.С.(81), за кој на 02.12.2021 беше пријавено дека се оддалечил од домот. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола и Јавен обвинител, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 17.04.2022 во 12.15 часот во СВР Битола, К.К.(46) од Битола пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга Б.К.(42). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против О.А.(42) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 26.09.2021 на Градски пазар во Виница, пријавениот предизвикал пожар во патничко возило „Опел Астра", сопственост Ф.А. од Кочани.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против К.Ц.(59) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Во периодот од 2020 до 2021 година пријавениот во својот дом неовластено држел една ловечка пушка „Baikal Model IJ-58" калибар 16 мм.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет